ЛИКОВЕН ЕСЕЈ

УРБАНО РАСПОЛОЖЕНИЕ

(објект–слика)



Едно градско дете добива урбана идеја и станува урбан креативец. Во урбана состојба прави урбани објекти-слики, обоени во урбана бела боја. За урбано да дипломира на урбаниот ФЛУ, мај 1998, на одделот - педагошко вајарство. Неговото урбано име е Столе Тоциновски, млад урбан скулптор.

ЛИКОВЕН ПРОБЛЕМ:

- Нема бегање од КОНСТРУКТИВИЗМОТ, сите сме заглавени во него.

- Некои автори сметаат дека врвот на уметноста е да го постигнеш МИНИМАЛИЗМОТ. Тотално прочистување и интелигентно елиминирање на непотребните податоци. Минимализмот е ментално претенциозен. Минимализмот е рационален. Западниот минимализам е калкулација и квазизен.

- Објект-слика, два медиума во симбиоза. Симбиозата повеќе е наменска. Има повеќе функции, ги спојува sидот и просторот-ентериер.

- Урбан; урбано значи дека авторот се стреми кон архитектурата-екстериер како трето парче на симбиозата.

- БЕЗ НАРАЦИЈА !!!

- Ликовните проблеми вон современата технологија се целосно исцрпени.

Или „без нарација“ е актуелен тренд во нашата ликовна ака демија.

ТВОРЕЧКИ ПРОЦЕС

Авторот вели дека идеите му ги потхранува дисхармонијата на музичкиот правец готик метал. Тогаш се појавуваат скиците што нудат строга симетрија. Односно, контролирање на психоделијата како креативен поттикнувач.

Во работилницата, заедно со доминантната бучава на циркуларот, убодната пила, бормашината; прашината и стругаништите, се случува трансформација на дрвото во имитација на sид со железни решетки.

„Шпер плочата трпи деформација“- вели Столе.

И, конечно, авторот го реализира сопствениот sид. Однатре го исфрла надвор, во реалноста. Клаустрофобични прозорчиња, без симбо[illegible] вор, диптих и конечно [illegible] зува со тишината. Ти[illegible] тичност.

Sидот нема да го[illegible]нат, напротив - sидот треба да [illegible]сне. За авторот одзади да го из[illegible]ка во некоја херметична гал[illegible]ја.

Да „заробиш“ sид во sид, без нарација, тоа треба да го види јавноста.

Иванка АПОСТОЛОВА